*Ристо ПЕТРОВ*

одржана регионална конференција во Благоевград со мото

## “НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ-ПАРТНЕРИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА”

Воспоставената соработка на ниво на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје со Медико-педагошкиот факултет во Благоевград и со соодветни установи за третман на деца и младинци со пречки во развојот, беше повод Институтот за дефектологија да биде поканет на регионална Конференција во Благоевград.

Организатори на Конференцијата, која се одржа на 29 и 30 ноември 1997 година под мотото “невладини организации-партнери во социјалната политика” беа:

- Друштвото за помош на ментално ретардирани лица,
- Центарот за дневен престој,
- Медико-педагошкиот факултет, сите од Благоевград и
- Проектот на ЕС “НИКВА”, по програмата ФАР.

На Конференцијата учествуваа преставници од невладини организации, родители, службите за социјална заштита, Универзитетот “Неофит Рилски”, психијатрискиот диспанзер, посебното основно училиште од Благоевград и од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет од Скопје.

На првиот ден од Конференцијата се расправаше за: невладините организации и реформата во социјалната сфера во Бугарија, за службите за работа со ментално ретардирани деца низ погледот на еден родител, за партнерството меѓу родителите, стручните работници и ментално ретардираните лица итн.

Вториот ден беше организирана посета на Центарот за дневен престој во Благоевград, и се продолжи со дискусија за потребата од отворање на вакви центри и во другите градови од југо-западна Бугарија, чии преставници учествуваа на Конференцијата.

Од Институтот за дефектологија на Конференцијата учествуваа проф. д-р Љупчо Ајдински и доц. д-р Ристо Петров, кои зедоа активно учество и првиот и вториот ден од Конференцијата, изнесувајќи свои ставови по наведените теми, а едновремено презентирајќи ја состојбата по наведените прашања во Р. Македонија. Интересот за излагањата на професорите од Институтот за дефектологија беше голем-со кратко излагање настапија на ТВ и радио Благоевград.